# БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ
# Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

**СОДРЖИНА**

**I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ......................................................................................3**

**II ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ ...............................................................4**

**III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА.........................................................................23**

**IV СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА ..............................................................24**

**V ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД.........................................................................27**

**VI ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА ....................................................................28**

**VII ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА...................................30**

**VIII ЕМИСИИ ВО ПОЧВА ..........................................................................33**

**IX ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ..................................................33**

**X БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ................... ..................34**

**XI ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ..................36**

**XII ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ ..................................................................38**

**XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ........................39**

**XIV РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ..............................44**

**XV РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ...................................................................47**

**XVI ИЗЈАВА-------------------------------------------------------------------------------------------48**

## I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Име на компанијата1 | ЖИТО ЛУКС АД Скопје |
| Правен статус | Акционерско друштво |
| Сопственост на компанијата | Приватна |
| Соптвеност на земјиштето | Жито Лукс - сопствено земјиште |
| Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата) | Индустриски Комплекс - Мелница<br>3-та Македонска Бригада бр.100<br>Скопје 1000 |
| Број на вработени | 55 |
| Овластен претставник | Ице Трајкоски<br>Менаџер на одржување, одговорно лице за животна средина |
| Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето2 | Прилог 2, точка 6.3 (б), Сл.Весник 89/05<br>Обработка и преработка наменети за производство на храна |
| Проектиран капацитет | 150т/ден |

### I.1 Вид на барањето3

Обележете го соодветниот дел

| | |
|---|---|
| Нова инсталација | |
| Постоечка инсталација | x |
| Значителна измена на постоечка инсталација | |
| Престанок со работа | |

### I.2 Орган надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола

| | |
|---|---|
| Име на единицата на локална самоуправа | Град Скопје |
| Адреса | бул" Илинден" бб |
| Телефон | 02 32 97 200 |

1 Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата

2 Да се внесат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл.Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означи шифрата за секојка активност. шифрите треба да бидат јасно одделени една од друга.

3 Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажбан а инсталацијата

## *// ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ*

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).

Жито Лукс АД Скопје , Прехрамбена индустрија е производител на брашно леб, тост и двопек. Во инсталацијата на Жито Лукс АД Скопје постојат два профитни центри и тоа:

- Профитен центар Индустриски Комплекс- Силоси и Мелница и силоси складирање на пченица и производство на брашно – лоциран во општина Аеродром Скопје ,бул.3-та Македонска бригада бр.100, Скопје

- Профитен центар Индустриски Комплекс Пекара- производство на леб, тост и двопек – лоциран во Општина Шуто Оризари , ул.Македонско -Косовска Бригада бр.44 ,Скопје

Основната дејност на АД Жито Лукс-Индустриски комплекс Силоси и Мелница е складирање и преработка на пченично зрно , со простор за складирање од 24000 тони во силос 1 и 25000 тони во силос 2 и капацитет на млинот до 150 тони на ден.

Објектот АД Жито Лукс Комплекс Силоси и Мелница е лоциран во сервисната зона во источниот дел на градот Скопје.




*макро локацијата и сателитска снимка од макролокацијата на индустриски комплекс-Силоси и Мелница*

Место положбата на индустрискиот комплекс е влезена во урбанистичкиот план на град Скопје и се наоѓа на улица 3-та Македонско бригада бр.100, КП бр.1912/11 КО Кисела Вода 2. Оддалеченоста од центарот на градот изнесува 3,5 км.воздушна линија

Природниот пат е од кај Бул.3-та Македонска бригада со оформен сообраќаен профил и коловозна конструкција асфалт кој овозможува нормален и квалитетен сообраќај. Локацијата е целосно оградена со изведени инфраструктурни инсталации:

- Асфалтирани сообраќајници кои обезбедуваат кружен тек за опслужување на објектите;
- Водоводна инсталација, противпожарна мрежа и градинарска мрежа;
- Посебна мрежа за прифаќање на отпадни фекални води како и
- Посебна мражa за прифаќање на атмосферските води.

Жито Лукс АД, Индустрискиот комплекс – Силоси и Мелница е пуштен во работа во 1983 година и денес има вработено 55 лица.




*микро локацијата и сателитска снимка од микролакацијата на индустриски комплекс-Силоси и Мелница*

*(прилог бр.1 Тековна состојба од Централен Регистар*
*Прилог бр.2- макролокацијата*
*Прилог бр.3- микролокацијата*
*Прилог бр.4- извод од катастарски план*

Жито Лукс АД Скопје- Индустриски Комплекс Силоси и Мелница граничи со следните објекти.

| **РБ** | **Назив на соседниот објект** | **Кординати на соседните објекти** | **Кординати на Жито Лукс АД** | **Растојание** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Булевар Србија | N41.583306<br>E21.274557 | N41.583471<br>E21.274468 | 80м |
| 2. | Аутлет Спорт М | N41.583724<br>E21.274708 | N41.583663<br>E21.274636 | 20м |
| 3. | Сервис Пежо | N41.583833<br>E21.274526 | N41.583791<br>E21.274475 | 18м |
| 4. | СУГС Владо Тасевски | N41.583893<br>E21.274089 | N41.583713<br>E21.274268 | 70м |
| 5. | Соседна парцела | N41.583514<br>E21.274057 | N41.583518<br>E21.274172 | 20м |
| 6. | Железнички колосеци | N41.583133<br>E21.273962 | N41.583315<br>E21.273967 | 70м |

Табеларен приказ на објекти со кои граничи индустриски комплекс -Силоси и Мелница (растојаните и обележани координати)



*Сателитска снимка од објекти со кои граничи индустриски комплекс-Пекара*




Север/североисток – Серис Пежо



Исток -Булевар Србија



Северозапад-СУГС Владо тасевски




Запад- Соседна парцела

Инсталацијата поседува имотен лист бр.57985 и 40739 за КП 1912/11 КО Кисела Вода 2 со вкупна површина на парцелата од 14451м$^{2}$ .

*Прилог бр.5 имотни листови*
*Прилог бр.6 Шематски прикази на произ.процеси*
*Прилог бр.7-графички координати за детални точки на локацијата.*

## *II.1. Техничка шема на функционирање на инсталацијата*

**Шема на профитен центар Индустриски комплекс-Мелница**




### *II.1.1. Опис на профитен центар - Индустриски Комплекс -Силоси и Мелница*

| **Локациски услови** | m2 | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 Градежна парцела КП 1912/11<br>- Површини под објекти (приземје)<br>- Површини под сообраќајници<br>- Паркинг простор<br>- Утоварни рампи<br>- Слободни зелени површини | | 14,451<br>3,245<br>5,680<br>250<br>160<br>5,116 | | |
| **I. Производен објект** | m2 | **приземје** | **спрат** | **подрум** |
| **МЕЛНИЦА ЗА БРАШНО**<br>1. Влез на вработени-гардероби | | 25 | | |
| 2. Магацин за суровини | | 90 | | |
| 3. Производен простор(мелница) | | 431 | 1,189 | 420 |
| 4. Пакување на готов производ | | 240 | | |
| 5. Магацин за готов производ | | 350 | 650 | 350 |
| **СИЛОСИ ЗА ЖИТО** | | | | |
| 6. Приземје | | 2,032 | | |
| 7. Магацински простор(подрум) | | | | 1,450 |
| 8. Магацински инсталации (спрат) | | | 420 | |
| | | **3,168** | **2,259** | **2,220** |
| **II. Административен објект** | m2 | **приземје** | **спрат** | **подрум** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. Приземје-лабораторија и канцеларии | | 129 | | |
| 10.Подрум-скривница | | | | 70 |
| | | **129** | | **70** |
| **III.Енергетски објекти** | m2 | **приземје** | **спрат** | **подрум** |
| 11.Трафостаница | | 74 | | |
| | | **74** | | |
| **IV.Помошни објекти** | m2 | **приземје** | **спрат** | **подрум** |
| 12. Простор за гардероба | | 45 | | |
| 13. Работилница | | 55 | | |
| | | **100** | | |
| **ВКУПНА ПОВРШИНА** | | **приземје** | **спрат** | **подрум** |
| | m2 | **3,471** | **2,259** | **2,290** |

**Производен објект –СИЛОСИ И МЕЛНИЦА**

**А-Мелница**

**-**Влез за возила преку главна капија под надзор на чуварска служба со обезбеден кружен тек за комуникација

-Обезбедени рампи за утовар и растовар на суровини и готов производ и обезбеден приклучок за цистерна за транспорт на брашно

-Обезбеден паркинг за 25 моторни возила за вработените надвор од локацијата. Паркингот е контролиран од страна на чуварската служба.

-Влез за вработените во производниот погон-Мелница со обезбеден простор за гардероби со тушеви и тоалети(машки и женски посебно)

**Б-Магацин за готов производ-брашно**

-Влез за вработени во магацински складишен простор со обезбеден простор за складирање и теретен лифт

-Гардероби за вработените

-Комуникациски простор-ходници

-Канцеларија за вработените

-Тоалети

-Простор за скалдирање на амбалажа

-Простор за складирање на брашно

-Излез на готов производ преку рампи покриени со натстрешница со капаците за две возила.

**В-Помошни простории**

-Трпезарија за вработените

-Канцеларија во која е сместен контролниот систем

-Работилница за поправка на машини и чување на резервни делови

**Г-Силоси за пченица**

-Влез на суровина (пченица) преку две рампи покриени со натстрешница

-Канцеларија во која е сместен контролниот систем

**Д-Административен објект**

-Лоциран на самиот влез на локацијата.Објектот е со приземни простории и подрум-скривница

-Чувара
-Канцелариски простор со комуникации (ходници)
-Лабораторија
-Тоалети-гардероби

**Ѓ-Енергетски објекти**

-трафостаница

**Е-Помошен објект**

-Гардероби
-Работилница

## I ТЕХНОЛОШКИ ПОСТАПКИ

Технолошко-производната дејност на АД Жито Лукс, Комплекс Силоси и Мелница се извршува во две производни единици кои меѓусебно се поврзани и тоа:

1.Силос за житарици
2.Мелница

## СИЛОС ЗА ЖИТАРИЦИ

**-Прием и транспорт на житото**

Пченицата во силосот доаѓа сотоварни возила, а приемот се врши преку две камионски хидраулични кип платформи.Од кип платформите житото со или без чистење се транспортира преку ланчани транспортери и елеватор во коморите на силосот.



Хидраулични кип платформи

Системот за прочистување на житото е лоциран во машинската куќа во силос 1 и се состои од :

-Силосен ротационен прочистувач СРП 120, со максимален капацитет од 120 тони/час, и служи за одвојување на покрупните нечистотии( камен, кочанки, коноп, слама, дрва, грутки земја и др.);

-Аспиратор СМА 2, што служи за одвојување на искршени зрна и примеси покрупни од основната суровина што се прочистува;

-Перманентен магнет прочистувач МАГ, со кој се отстрануваат феромагнетните нечистотии (железни предмети)

Пречистеното жито се носи на автоматска електронска вага АПЕВ, на мерење и преку елеватор и ланчани транспортери се носи во коморите во силосите или во млинот.

-**Складирање на жито**

Житото се складира во два силоса и тоа:

-Силос 1 кој се состои од 29 големи келии со капацитет од 750 тони секоја и 18 маликелии со капацитет од 130 тони секоја.

-Силос 2 кој се состои од 30 големи келии со капацитет од 780 тони секоја и 18 мали келии со капацитет од 120 тони секоја (не е во функционална состојба).

Вкупниот капацитет на двата силоса е 49650 тони.



*Силос 1*




*Шематски приказ на Силос 1*

Житото во силосите може да се префрла од една во друга келија со или без чистење. При префрлање на житото со чистење се врши елевација со цел да се намали влагата на зрнестата маса и да се отстрани можноста за зголемување на нејзината температура и расипување, истовремено се отстрануваат нечистотиите како плевел, прашина, искршени зрна и примеси од пченка, граор и друго.

Префрлањето на житото без чистење е со цел да се испразнат одредени келии, да се префрли житото со ист квалитет од една во друга келија, правилно да се класира пченицата, или да се ослободи место за прием на нови количини на пченица. При тоа има делумно отстранување на прашината и плевелот преку системот за аспирација.

При приемот на зрното, елевирањето и испорачувањето се издвојува голема количина на прашина што се појавува заради триење на зрното.Прашината што се создава во силосите се состои од ситни честички од органско и минерално потекло и штетно делува врз околината и функционирањето на опремата. Освен тоа, прашината во воздухот прави смеса што при одредени услови може да експлодира и предизвика пожар.

Од овие причини неопходно е прашината континуирано да се собира и отстранува од силосите. Двата силоси се опремени со сопствен систем на аспирација на силосната прашина, лоцирани во машинската куќа на силос 1.

Системот за аспирација е составен дел на сите фази од технолошкиот процес на прием, транспорт и складирање на житото и е предвиден за отстранување на лесните примеси на основната суровина, како што се плевелот и прашината.

Системот за аспирација на силос 1 е составен од три меѓусебно независни целини групирани во горен, среден и долен систем. За аспирација на прашината од силос 2 изграден е посебен систем за аспирација, составен од центрифугален вентилатор, филтер МВРС 78 со воздушен млаз и дувалка за притисок.

Во текот на приемот, елевацијата или транспортот на пченицата се продуцира силосна прашина . Истата преку систем на филтри се одвојува во собирна келија. Од собирната келија по принцип на слободен пад се испушта директно во транспортно возило или се пакува во полиетиленски вреќи. Рефусната или спакуваната силосна прашина се издава на физички лица без надокнада. Издавањето е пропратено со интерна испратница и кантарна белешка.Просечна годишна количина за продуцирана и издадена силосна прашина е 85 т .

**МЕЛНИЦА**

Пречистеното жито од силосите преку елеватори и транспортери се носи во мелница.

Мелницата се состои од четири функционални целини:

-Оддел за чистење на пченицата

-Оддел за мелење

-Оддел за складирање и хомогенизирање на брашното и

-Оддел за пакување.

**Оддел за чистење на пченицата**

Почетна фаза во технолошкиот процес на мелење на пченицата е припремата која се состои од правење на соодветни мешавини, по што се отстрануваат сите примеси и најпосле се врши кондиционирање на пченицата.

Пченицата транспортирана од силосот за жито се складира според однапред утврден квалитет во четири бетонски келии. На излезните отвори на келиите се наоѓаат електронско пневматски дозатори преку кои , во одреден процентуален сооднос се врши дозирање на пченицата.

Пченицата преку хоризонтални и вертикални транспортери(елеватори) доаѓа до млинскиот аспиратор кој спаѓа во групата на комбинирани сепаратори. Кај него се издвојуваат ситните и крупните примеси преку две метални сита со отвор од 6мм (за крупни примеси) и 2мм (за ситните примеси), а со аспирацијата се одвојуваат и лесните примеси. Аспираторот е приклучен на централната аспирација од одделот за чистење на пченицата.



*Сепаратор за чистење на пченица*

Делумно исчистената пченица оди на сув одвојувач на камен кај кого се одвојуваат ситните камчиња , стврднатa земја, стаклени примеси како и други потешки примеси од самите зрна. И оваа машина е поврзана со централната аспирација.

Од сувиот одвојувач на камен, пченицата оди кон млинскиот триер. Кај него се одвојуваат примесите кои во форма и должина се разликуваат од пченицата.



*Машина за одвојување на камења од пченицата*

Сите отпадоци од самото чистење на пченицата одат во посебна келија на чиј излез се наоѓа чекичар кој овие отпадоците ги ситни и преку пневматски транспортер го носи во келијата за трици.

Вака исчистената пченица е спремна за кондиционирање односно влажнење и одлежување одреден временски период. Целта на кондиционирањето е зрното да се доведе во состојба погодна за мелење, како би се добило брашно со мала содршина на минерални материи а со поголемо измелување.




*Шематски приказ на ситење и кондиционирање*

Кондиционирањето се одвива во две фази:

-Првата фаза за влажнење на пченицата се врши преку уред навлажнувач кој автоматски ја регистрира влагата на пченицата, а потоа ја додава водата според зададената вредност. Навлажнетата пченица може да се транспортира во три келии каде одлежува до 12 до 36 часа во зависност од веќе утврдениот квалитет.

-Втората фаза претставува дополнително додавање на помало количество вода од околу 0,5% а пченицата одлежува во посебна келија од 2 до 5 часа. После ова одлежување пченицата преку рибалица и контролна проточна вага се транспортира до првиот млински ваљак.



*Систем за влажнење на пченицата*

Аспирацијата во одделот за чистење ја сочинуваат два вентилатори, два циклони и аспирациони водови. Вентилаторите се директно споени со погонските електромотори и ги имаат следните карактеристики:

Вентилатор 1:

-капацитет 9000м$^3$/час

-моќност на електромотор 15KW

Вентилатор 2:

-капацитет 4500м$^3$/час

-моќност на лектромотор 7.5KW



*Вентилатор со вреќест филтер*



*Филтер од делот за чистење на пченица во мелница*

**Оддел за мелење на пченица**

Процесот на мелење на пченицата се состои од три фази:

-кршење на зрното

-ситнење на гризот и

-измелување

Процесот на мелење го сочинуваат неколку механички операции кои се одвиваат преку следните групи на машини:

-вални столици

-деташери

-плански сита

-вргачи

-гриз машини и

-проточни ваги.

Мелењето на пченицата се врши преку 14 вални столици. Валните столици се состојат од пар паралелни метални цилиндри, освен првата која има два пара и цилиндрите вртат во обратен смер.Валната површина може да биде мазна и нажлебена , а во зависност од функцијата на ваљакот.Целокупниот материјал од валните столици преку пневматски транспорт се носи до највисокиот дел на мелницата каде преку циклони а по слободен пад доаѓа до планските сита.

Планските сита имаат кружно движење и овозмоуваат поделба на материјалот според гранулацијата. Првото сито се состои од шест вертикали од 24 рамки со сита со различна пропустливост а второто од осум вертикали.



*Млински сита*

Разделениот материјал преку гравитациони цевоводи се носи на гриз машините, вргачите, полжавестите транспортери за готов производ и повторно на млинските валци.

Гриз машините се сотавени од вибрациони сита чии вибрации се добиваат од електромотор со екцентричен механизам кој овозможува осцилаторни движења. Бројот на осцилации е меѓу 400 и 500 во минута а амплитудата е околу 5мм. Гриз машината ги класифицира честичките на гризот по големина.

Вргачите претставуваат посебна група на ротациони сита чија што улога е да од трицата се одвојат заостанатите делови брашно. Перфорацијата на ситата е од 0,5мм до 1,5мм.

Млинскиот процес е последователно ситнење и раздвојување на анатомските делови на зрното при што како краен производ се добиваат преку 30 видови пасажни брашна чие соединување ги дава трите типа на брашно и тоа Т400, Т500 и Т850 а како нус производ се издвојуваат триците.

Готовите брашна преку проточни ваги се складираат во силосот за брашно.

Пнавматскиот транспорт во млинскиот дел е обезбеден со дувалка со моќност од 75KW.

Аспирираниот материјал се задржува на филтер вреќи со површина од 70,5м$^2$.Истресувањето на филтер вреќите е импулсно, а се обезбедува со надпритисок во горниот дел на филтерот од 0,5 бари.

Силосот за брашно е составен од осум големи келии за складирање на брашното добиено од процесот на мелење , пет помали келии за хомогенизирано брашно спремно за пакување, две келии со испуст за цистерни и две келии за трици.

За да се избегнат варијациите во квалитетот на брашното кои настануваат поради промена на пченичната мешавина , брашното се хомогенизира со шаржно мешање.Пред да влезе во келиите за складирање, брашното се испитува во лабораторија , а пред транспортот во малите келии со постапката на шаржното мешање се добива брашно со баран квалитет.

Во шаржниот систем на мешање, брашното преку полжавести транспортери се дозира во кошот на вагата се додека не се постигне бараната количина на секоја компонента што учествува во мешавината. Потоа брашното се меша одредено време и се транспортира во келиите за хомогенизирано брашно. Транспортото е пневматски.

Оваа постапка се контролира со персонален компјутер преку кој операторот во млинот дава инструкции за работа и врши надзор на процесот.



*Контролна просторија*

Аспирацијата на келиите за брашно добиено од процесот на мелење е обезбедена со вентилатор со моќност од 5,5KW со капацитет од 4200 $м^3$/час и филтер со вкупна филтерска површина од 12,2$м^2$, а аспирацијата на келиите за хомогенизирано брашно е обезбедена со вентилатор со моќност од 5,5KW и капацитет од 3600,$^3$/час и вкупна филтерска површина од 17,6$м^2$. Аспирацијата на келиите за трици е обезбедена со вентилатор со моќност од 5,5KW со капацитет од 4500$м^3$/час и вкупна филтерска површина од 12,2$м^2$.

Аспирираниот материјал се задржува на филтер вреќи.Истресувањето на филтер вреќите е импулсно а се обезбедува со надпритисок во горниот дел на филтерот од о.5 бари.

Пакувањето на брашното е потполно автоматизирано.Аспирацијата при пакување е обезбедена од вентилатор за аспирација на келиите за хомогенизирано брашно.

Пакуваните производи се складираат во магацинот за готови производи кој е составен дел од мелницата.



*Пакување на готов производ*

**Административна зграда**, е сместена на самиот влез на локацијата , (Подрум + П) изведена од цврста градба во која се сместени чуварска служба, лабораторија, деловни простории и санитарни јазли во приземје и скривница во подрумскиот простор.



*Административна зграда*

**Енергетски објекти.** За да се обезбеди функционалност на производниот објект и потребната енергија, изведени се следните енергетски објекти од цврст материјал.

- ***Трафостаница-*** Напојувањето со електрична енергија на производниот комплекс се врши преку сопствена трафостаница, лоцирана надвор од производниот погон во посебен објект на југоисточната страна.

Трафостаницата располага со два енергетски трансформатори од по 1000 kVA . Високо напонската опрема подлегнува на редовени сервиси од страна на стручни екипи од ЕВН.



*Трафостаница*

| РБ | Локација | Опасни суровини | Локација |
|---|---|---|---|
| 1. | Трафостаница | Електрична енергија | N41.583391<br>E21.274486 |
| 2. | Лабараторија | Разни видови на хемикалии | N41.583735<br>E21.274365 |




*Сателистска снимка на локација на трафостаница и лабораторија*

Табела во која се прикажани ознаките на испустите, називот на испустот и нивните кординати.

| Ознака на испустот/каналот | Назив на испустот | Кординати |
|---|---|---|
| А1 | Силос | N41.583391<br>E21.274402 |
| А2 | Силос | N41.583412<br>E21.274419 |
| Б1 | Мелница | N41.583454<br>E21.274425 |
| Б2 | Мелница | N41.583476<br>E21.274432 |
| Б3 | Мелница | N41.583507<br>E21.274441 |
| Б4 | Мелница | N41.583514<br>E21.274453 |

| | | |
|---|---|---|
| Б5 | Мелница | N41.583524<br>E21.274476 |
| Б6 | Мелница | N41.583552<br>E21.274481 |
| Б7 | Мелница | N41.583552<br>E21.274499 |




*Сателитска снимка со ознака на испусти и нивни координати*

**Помошни објекти** – објект со цврста градба
-Работилница ;
-Гардероба;
**Паркиралиште за возила за вработени** – Обезбеден паркинг за 25 моторни возила за вработените надвор од локацијата. Паркингот е контролиран од страна на чуварската служба.
**Одвод на отпадните води.** Изведени се канализациони мрежи за одвод на отпадни води со приклучок на градски колектор
**Санитарна -технолошка вода.** Изведен е систем од лиено железни водоводни цевки, со приклучкок на градски водовод преку водомерна шахта за контрола на потрошена вода. Одвоен систем противпожарна заштита на објектот. Пумпна станица регулирање на притисок на санитарна вода и против пожарна вода. **Загревањето** во објектот (административни и работни простории) е изведено преку инсталиран систем на парно греење на електрична енергија.
**Отпадот** кој се продуцира во индустрискиот комплекс-Силоси и Мелница се селектира по типови. Воглавно се јавува комунален отпад, отпад од хартија,отпад од дрвени и метални делови и пластика. За секој тип на отпад постои посебен начин

(место) за складирање,како и динамика на подигање од соодветни фирми. Деталите се наведени во понатамошниот текст.



Место за одлагање на отпад

### *III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА*

Приложете организациони шеми и други релевантни податоци. Особено да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина.

Жито Лукс АД Скопје е акционерско друштво со 100% приватизиран капитал и е организирано во два индустриски комплеки:

1. Индустриски Комплекс Пекарница-Пекара – Шуто Оризари – Скопје
2. Индустриски Комплекс Силоси и Мелница – Скопје

Одговорно лице за заштита на животната средина во Жито Лукс е Ице Трајкоски.
Двата индустриски објекти поседуваат сертифициран систем ISO 9001:2000 и системот за безбедност на храна ISO 22000:2005.
Сертифициран систем за управување со животна средина ISO 14001 се уште не поседува ниту еден од наведените индустриски комплекси.




*Прилог бр. 8 Организациона шема на Жито Лукс,*
*Прилог бр.9 Сертификат за имплементиран систем за управување според ISO22000:2005 и Политика за квалитет*

## ***IV СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА***

Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како производите и меѓупроизводите.

| Реф. Бр | Материјал/ Супстанција[1] | CAS[4] Број | Категорија на опасност[2] | Моментално складирана количина (тони) | Годишна употреба (тони) | R и S фрази[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Натриумхлорид 07/055 | 7447-14-5 | / | 0,002 | 0,048 | / |
| 2. | Етил алкохол 07/096 | 64-17-5 | / | 0,002 | 0,008 | / |
| 3. | Течен сапун за раце 7/74 | / | / | 0,008 | 0,070 | / |
| 4. | Детергент за садови Глос | / | / | 0,00 | 0,096 | / |
| 5. | Детергент за тоалети Глос | / | / | 0,00 | 0,048 | R36;R38 S2,26 |
| 6. | Солна киселина | 7647-01-0 | Класа 8 | 0.00 | 0.040 | R34-37, S2-26 |
| 7. | Литиумска маст 9/18 | / | / | 0.00 | 0,010 | / |
| 8. | Хипоидно масло SAE | / | / | 0,00 | 0,015 | R38;R53;R 43; R52 |
| 9. | Хартиени вреќи за брашно | / | / | | | |
| 10. | Термокол лепак | / | / | 0,125 | 0,410 | / |
| 11. | Конец за шиење вреќи | / | / | 0,040 | 0,450 | / |
| 12. | Хартиени ќеси за гриз | / | / | 53000 бр | 220000бр | / |
| 13. | Ќеси за брашно Кам 2кг | / | / | 350000бр | 1500000бр | / |
| 14. | Ќеси за брашно воденичар 1/1 | / | / | 1240000бр | 2500000бр | / |
| 15. | ПЕ Монофолија 400h,09m | / | / | 0.500 | 8.500 | / |
| 16. | ПЕ Монофолија 550h,09m | / | / | 0.300 | 4,100 | / |
| 17. | Ќеса за сенаменско брашно | / | / | 23000 бр | 470116 бр | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Натрон вреќи Т400 екстра бело | / | / | 2500 бр | 403006р | / |
| 19. | Натрон вреќи Т500 | / | / | 3200 бр | 26500 бр | / |
| 20. | Натрон вреќи за фурнаџиско брашно | / | / | 1200бр | 47500 бр | / |
| 21. | Ќеса за брашно Т400 промо 1/1 | / | / | 3300 бр | 12500 бр | |
| 22. | Ќеса за брашно Т400 промо 2/1 | / | / | 300 бр | 1200бр | |
| 23. | ПП вреќи | / | / | 15236 бр | 222836 бр. | / |
| 24. | Стреч фолија | / | / | 1,0 | 6,6 | / |
| 25. | ПП вреќи ЛД | / | / | 10200бр | 28081 бр | / |
| 26. | Ќеси за брашно 1/1 | / | / | 230000бр | 2189570 бр | / |
| 27. | Ќеси за брашно 2/1 | / | / | 12000 бр | 570636 бр | / |
| 28. | Ќеси за брашно 5/1 | / | / | 15000бр | 223289 бр | / |
| 29. | Натрон вреќи Т400 | / | / | 1500бр | 23000бр | / |
| 30. | Натрон вреќи Т500 | / | / | 3200бр | 2450бр | / |
| 31. | Натрон вреќи 25/1 | / | / | 12000бр | 26400бр | / |
| 32. | Натрон вреќи 50/1 | / | / | 1500бр | 950бр | / |
| 33. | Дрвени палети | / | / | 710бр | 600бр | / |
| 34. | Брашно Т400 25/1 екстра бело | / | / | 12,50 | 600,00 | / |
| 35. | Брашно Т400 5/1 | / | / | 2,35 | 430,00 | / |
| 36. | Брашно Т500 25/1 | / | / | 60,45 | 2500,0 | / |
| 37. | Пченичен гриз 25/1 | / | / | 1,0 | 11,5 | / |
| 38. | Пченични никулци 25/1 | / | / | 5,0 | 22,00 | / |
| 39. | Интегрално брашно 50/1 | / | / | 65,00 | 954,00 | / |
| 40. | Крмно пченично брашно 30/1 | / | / | 63,00 | 6700,00 | / |
| 41. | Ситни трици 30/1 | / | / | 0,00 | 33,00 | / |
| 42. | Крупни трици 7/1 | / | / | 13,0 | 44,20 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 43. | Сенаменско брашно 1/1 | / | / | 15,00 | 473,00 | / |
| 44. | Брашно Т400 25/1 | / | / | 12,8 | 900,00 | / |
| 45. | Пекарско брашно Т500 5/1 | / | / | 6,0 | 150,00 | / |
| 46. | Фурнаџиско брашно 25/1 | / | / | 25,00 | 1160,00 | / |
| 47. | Брашно воденичар 1/1 | / | / | 7,5 | 350,00 | / |
| 48. | Брашно Т400 Кам 2/1 | / | / | 12,5 | 300,00 | / |
| 49. | Брашно Т500 рефус | / | / | 0,00 | 597,00 | / |
| 50. | Брашно Т850 рефус | / | / | 0,00 | 5230,00 | |
| 51. | Пченица | | | 5000,00 | 29255,00 | / |
| 52. | Вода | 7732-18-5 | / | / | 1800m$^3$ | / |
| 53. | Електрична енергија | / | / | / | 1 980 000 KWh | |

Материјалите наведени во табелата под реден број:

• 1-2 се хемикалии кои се користат во лабораторијата со склоп на мелницата за испитување на квалитетот на пченицата и произведените брашна.Анализите се вршат според законските пропишани методи. Хемикалиите во мали количини се складираат во самата лабораторија и нивното ракување е строго контролирано.

•3-6 се средства кои се користат за одржување на лична хигиена како и хигиена во работните и санитарните простори

• 7-8 се наведени мастите и маслата кои служат за подмачкување на опремата . Во прилог се приложени производителските сигурности листови од користените масла за подмачкување. При замена на истите старите се собираат во лимени буриња исе чуваат надвор од објектот на точно определено местосе до нивно изнесување.

• 9-33 е наведен амбалажен материјал и помошен материјал кој се користи за пакување на готовите.

• 34-50 се наведени по типови сите финални производи кои се добиваат во мелницата од основната суровина -пченицата.

• 51-Основна суровина -пченица

•52-53 Основни енергенси преставуваат електричната енерија и вода

*Прилог бр. 10* - Безбедносни листи (Material Safety Data Sheet)
*Прилог бр. 11,12,13* – Фактура за потрошена електрична енергија, потрошена вода и транспорт на комунален отпад.

***V ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД***

Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).

Индустрискиот комплекс–Силоси и Мелница продуцира комунален отпад, отпад од хартија,отпадна фолија,метал, дрвени палети, отпадни масла .Отпадните масла се од променети масла од машините во објектот. Отпадно масло од возила во објектот нема од причини што возилата се сервисираат и одржуваат во надворешен сервис за возила. За секој тип на отпад постои процедура за негово складирање и превземање од страна на соодветна фирма. Целокупниот отпад кој се создава се дели на два вида на отпад и тоа отпад кој не може да се рециклира и завршува како комунален отпад и отпад кој што се рециклира и реупотребува (палети) и истиот времено се одлага на дефинирана локација од каде што се подига од страна на индивидуални побарувачи и компаниите со кои компанијата има склучено договор.

Локацијата каде што времено се одлага отпадот е сместена на задната страна од производствениот објект .

Локацијата редовно се чисти и одржува се со цел да се спреши развивање на непријатна миризба.

| Реф. бр | Отпаден материјал | Главен извор<br><br>Број од европски каталог на отпад | Количина | | Преработка/ одложување | Метод и локација на одложување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Количина по месец | Годишна количина | | |
| 1. | Комунален отпад | 20 03 01 | 1,5 | 18 | Се собира во контејнери | Комунална Хигиена- Скопје |
| 2. | Отпад од хартија | 15 01 01 | 0,6 | 7,2 | Се собира во контејнер | Унитрејд 2012 |
| 3. | Отпад од дрвени палети | 15 01 03 | 0,2 | 2,4 | Се собира во кругот на фабриката | Индивидуални побарувачи Еко Метал 16 |
| 4. | Отпадни масла* | 13 02 07 | / | 0,020 | Се собира во буре снабдено со затварач | Ауто Хаус Заковски |
| 5. | Отпадна фолија | 15 02 03 | 0,2 | 2,4 | Се собира во контејнер | Снс Ре-Пласт |
| 6 | Метален отпад | | 0,26 | 3,2 | Се собира во контејнер | Еко Метал 16 |

**-опасен отпад*




*Сателитска снимка на локација каде што се одлага отпадот*

*Прилог бр.14,15,16,17 - Договори со ЈП Комунална Хигиена Скопје, Снс Ре-Пласт,Унитрејд 2012, Ауто Хаус Заковски и Еко Метал 16.*

## *VI ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА*

Приложете листа на сите точкасти извори на емисии во атмосферата, вклучувајќи и детали на котелот и неговите емисии.

Опишете ги сите извори на фугитивна емисија, како на пр. складирање на отворено. Апликантот е потребно да посвети особено внимание на оние извори на емисија кои содржат супстанции наведени во Анекс 2 од додатокот на Упатството.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Капацитет на котелот** 1<br>Производство на пареа:<br>Термален влез: | / | kg/час<br>MW | | |
| **Гориво за котелот**<br>Тип:јаглен/нафта/*LPG)/гас/биомаса итн.*<br>Максимален капацитет на согорување<br>Содржина на сулфур: | / | kg/час<br>0 % | | |
| Nox | / | mg/$Nm^3$<br>при ($0^oC$. 3% $O_2$(Течност или гас)6%, $O_2$(Цврсто гориво) | | |
| Маскимален волумен на емисија | / | $m^3$/час | | |
| Температура | / | ° C(min) | / | °(max) |
| Периоди на работа | / | час/ден | | денови/годишно |

Како точкасти извори на емисии во атмосферата се јавуваат единаесет (11) оџаци од кои четири се во силосот за пченица и седум во мелница. Сите единаесет оџаци се од системите за аспирација и сите се поврзани преку вреќасти филтри.На сателитската

снимка обележани се 9 испусти (два во силос и 7 во мелница) со оглед на тоа што едниот силос - Силос 2 не е во функционална состојба.




*Сателитска снимка со локации на емисии во воздух*

| Ознака на испустот/каналот | Назив на испустот | Кординати |
|---|---|---|
| А1 | Силос | N41.583391<br>E21.274402 |
| А2 | Силос | N41.583412<br>E21.274419 |
| Б1 | Мелница | N41.583454<br>E21.274425 |
| Б2 | Мелница | N41.583476<br>E21.274432 |
| Б3 | Мелница | N41.583507<br>E21.274441 |
| Б4 | Мелница | N41.583514<br>E21.274453 |
| Б5 | Мелница | N41.583524<br>E21.274476 |
| Б6 | Мелница | N41.583552<br>E21.274481 |
| Б7 | Мелница | N41.583552<br>E21.274499 |

Извршени се мерења на две мерни места на вкупни суспендирани честици, респирабилни честици и фракција на ПМ 10 честици во животната средина.

| **Број** | **Мерно место** | **Концентрација** | **ГВЕ** |
|---|---|---|---|
| | | **mg/m³** | **mg/Nm³** |
| **На граница на локацијата** | | | |
| **1.** | **ММ 1** | **37,46** | **50** |
| **2** | **ММ 2** | **38,12** | **50** |




*Сателитска снимка на локации на извршени мерења во воздух*

Постои можност за краткотрајна фугитивна емисија на мешавина од минерална и органска прашина која постои при прием на пченица кога истата се истура во приемните бункери на силосот во случај на јак ветар, меѓутоа ова се намалува со тоа што транспортните возила за пченица се покриени со церада а работите на истовар се одвиваат брзо и краткотрајно.

*Прилог бр. 21 Резултатите од мерењата на емисија на цврсти честички и бучава извршени од страна на Еко Контрол ДОО.*

## *VII ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА*

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс II од Додатокот на Упатството. Потребно е да се дадат детали за сите супстанциии присутни во сите емисии, согласно Табелите III до VIII од Уредбата за класифицкација водите (Сл. Весник 18-99). Треба да се вклучат сите истекувања на површински води, зедно со водите од дождови кои се испуштаат во површинските води.

Индустрискиот комплекс Силоси и Мелница не произведува технолошки отпадни води.

Фекалните и отпадните санитарни води се собираат во одвоен систем приклучен на градската канализациска мрежа.

Отпадните води пред да се испуштат не подлежат на предтретман односно директно се испуштаат во градската канализациона мрежа.

Вкупната количина на отпадна вода што се испушта на дневна основа е во просек од околу 5м$^3$ односно на годишна основа од околу 1.800 м$^3$.

Отпадната вода од технолошкиот процес е резултат на чистењето на опремата и подовите но истата не содржи опасни и загадувачки материи затоа што при чистењето не се користат никакви хемикалии и опасни материи согласно највисоките стандарди во прехрабрената индустрија.

Атмосферските води се прифаќаат преку инсталациски систем, одвоен од фекалната инсталација. Истиот е приклучен на градски колектор за прифаќање на атмосферски води, кој завршува во главниот реципиент река Вардар.



Следените табели треба да се пополнат во случај на директно испуштање во реки и езера.

| **Параметар** | **Резултати (mg/l)** | | | | **Нормален аналитички опсег** | **Метода/техника на анализа** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Датум** | **Датум** | **Датум** | **Датум** | | |
| **pH** | | | | | | |
| **Температура** | | | | | | |
| **Електрична проводливост µS** | | | | | | |
| **Амониумски азот $NH_4$-N** | | | | | | |
| **Хемиска потрошувачка на кислород** | | | | | | |
| **Биохемиска потрошувачка на кислород** | | | | | | |
| **Растворен кислород $O_2$(р-р)** | | | | | | |
| **Калциум Ca** | | | | | | |
| **Кадмиум Cd** | | | | | | |
| **Хром Cr** | | | | | | |
| **Хлор Cl** | | | | | | |
| **Бакар Cu** | | | | | | |
| **Железо Fe** | | | | | | |
| **Олово Pb** | | | | | | |
| **Магнезиум M** | | | | | | |
| **Манган Mn** | | | | | | |
| **Жива Hg** | | | | | | |

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем:

___________________

| **Параметар** | **Резултати (мг/л)** | | | | **Нормален аналитички опсег** | **Метода/ техника на анализа** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Датум** | **Датум** | **Датум** | **Датум** | | |
| **Никел Ni** | | | | | | |
| **Калиум K** | | | | | | |
| **Натриум Na** | | | | | | |
| **Сулфат $SO_4$** | | | | | | |
| **Цинк Zn** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна базичност (како $CaCO_3$)** | | | | | | |
| **Вкупен органски јаглерод TOC** | | | | | | |
| **Вкупен оксидиран азот TON** | | | | | | |
| **Нитрити $NO_2$** | | | | | | |
| **Нитрати $NO_3$** | | | | | | |
| **Фекални колиформни бактерии во раствор ( /100мл)** | | | | | | |
| **Вкупно бактерии во раствор ( /100ml)** | | | | | | |
| **Фосфати $PO_4$** | | | | | | |

## *VIII ЕМИСИИ ВО ПОЧВА*

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата. Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните води, за историско или моментално загадување на самата локација или подземно загадување.

Директни и индиректни емисии во почвата не постојат . За дополнително загадување на почвите исто така можеме да кажеме дека не е можно затоа што суровината е од органско потекло и не може да го наруши квалитетот на почвата.

Дополнителното загадување на почвата исто нема поради:

-Селектирање и прописно чување на отпадот се до неговото изнесување
-Постоење на соодветна изолација на подовите од производниот погон
-Постоење на ефикасно отпрашување со филтер циклони
-Замената на моторните масла на товарните возила се врши во надворешен сервис.

***Прилог бр.18 Договор со надворешен сервис за сервисирање на возила***

## *IX ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ*

Во случај на отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени, во следната табела треба да се опишат природата и квалитетот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) што треба да се расфрла на земјиште (ефлуент, мил, пепел), како и предложените количества, периоди и начини на примена (пр. цевно испуштање, резервоари)

| | |
|---|---|
| Идентитет на површината | |
| Вкупна површина (ha) | |
| Корисна површина (ha) | |
| Култура | |
| Побарувачка на Фосфор (kg P/ha) | |

| | |
|---|---|
| Количество на мил расфрлена на самата фарма<br>($m^3$/ha) | |
| Проценето количесто Фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha) | |
| Волумен што треба да се аплицира ($m^3$/ha) | |
| Аплициран фосфор (kg P/ha) | |
| Вк. количество внесена мил ($m^3$) | |

Земјоделски и фармерски активности во Индустрискиот комплекс -Силоси и Мелница не постојат.

***X БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ***

Листа на извори (вентилација, компресори, пумпи, опрема) нивна местоположба на локацијата (во согласностсо локациската мапа), периоди на работа (цел ден и ноќ / само преку ден / повремено).

Како поголеми извори на **бучава** во склоп на индустрискиот комплекс Силоси и Мелница се јавуваат вентилаторите за аспирација како и големиот број на мотори во мелницата.

Во комплексот Силоси и Мелница објектите се повеќекатни и релативно високи. Машини има и на највисоките катови и истите се така градежно изведени да ги амортизираат постоечките вибрации а и самите машини (оние кои се поголеми извори на вибрации) задолжително имаат гумени амортизери со што вибрациите драстично се намалуваат или целосно се анулираат. Од овде произлегува дека **вибрации** кои би биле штетни за околината не постојат.
Извори на **нејонизирачко зрачење** (светлина, топлина и др,)кои негативно би влијаеле врз животната средина не постојат.
Индустрискиот комплекс Пекара од аспект на бучава спаѓа во подрачје на III група.
Апаратурата во меница работи 24 часа во континуитет, додека се користат три дена во неделата по 8 часови во континуитет. Бучавата од наведените извори нема големо влијание на околината и е во граници од 54,4-58,7dB, што е во согласност со максималните дозволени граници.




*Сателиска снимка со мерни места на бучава*

| Извор на емисија Референца/ бр | Извор/уред | Опрема Референца/бр. | Интензитет на бучава dB на означена одалеченост | Периоди на емисија [број на часови предпладне./ попладне.] |
|---|---|---|---|---|
| ММ бр.1 | Капија | Sound level meter type HD 600 EXTECH | 54,4 | 24 |
| ММ бр.2 | Силоси за истовар и транспорт | Sound level meter type HD 600 EXTECH | 58,5 | 24 |
| ММ бр.3 | Силоси за истовар и транспорт-задна страна | Sound level meter type HD 600 EXTECH | 58,7 | 24 |
| ММ бр.4 | Силоси за истовар и транспорт-задна страна | Sound level meter type HD 600 EXTECH | 56,6 | 24 |
| ММ бр.5 | Силоси за истовар и транспорт-задна страна | Sound level meter type HD 600 EXTECH | 56,8 | 24 |

За амбиентални нивоа на бучава:

| Референтни точки: | Национален координатен систем | Нивоа на звучен притисок (dB) | | |
|---|---|---|---|---|
| | (5N, 5E) | L(A)eq | L(A)10 | L(A)90 |
| Граници на локацијата | | | | |
| Локација 1: | N41.583715 E21.274265 | 54,4 | 59,6 | 87,8 |
| Локација 2: | N41.583481 E21.274093 | 58,6 | 65,1 | 90,2 |
| Локација 3: | N41.583228 E21.274298 | 58,7 | 66,3 | 87,6 |
| Локација 4: | N41.583475 E21.274558 | 56,6 | 61,1 | 95,3 |
| Локација 5: | N41.583664 E21.274698 | 56,8 | 59,9 | 89,3 |

*Прилог бр.21 Резултатите од мерењата на емисија на цврсти честички и бучава во надворешна средина извршени од страна на Еко Контрол ДОО .*

## *XI ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ*

Опишете го мониторингот и процесот на земање на примероци и предложете начини на мониторинг на емисии за вода, воздух и бучава.

Според предходно изложеното може да се извлече заклучкок дека мониторингот е потребно да се имплементира во поглед на емисиите од прашина и бучава. Предвидената фрекфенција на мониторинг е дадена во табелата.

| **Параметар** | **Фрекфенција на мониторинг** | **Метод на земање на примероци** | **Метод на анализа/техника** |
|---|---|---|---|
| Цврсти честички прашина | двапати годишно | инструмент | гравиметриски |
| Мерење на ниво на бучава | еднаш годишно | инструмент | гравиметриски |
| Евиденција на инциденти | Во рок од 24 часа | / | / |

### Цврсти честички-прашина

| **Ознака на испуст** | **Параметар** | **Фреквенција на мониторинг** | **Метод на земање на примероци** | **Метод на анализа / техника** |
|---|---|---|---|---|
| **A1** | PM10 | 2 x годишно | EN ISO/IEC 17025:2005 | MKS EN 12341:2007 |
| **A2** | PM10 | 2 x годишно | EN ISO/IEC 17025:2005 | MKS EN 12341:2007 |

| **Ознака на испустот/каналот** | **Назив на испустот** | **Кординати** |
|---|---|---|
| **A1** | Силос-1 | N41.583391 E21.274402 |
| **A2** | Силос-1 | N41.583412 E21.274419 |




## Мерење на ниво на бучава

| Ознака на испуст | Параметар | Фреквенција на мониторинг | Метод на земање на примероци | Метод на анализа/техника |
|---|---|---|---|---|
| ММ1 | Ниво на бучавост [db] | 1 x годишно | MKS ISO 1996-2:2018 | MKS ISO 1996-2:2018 |
| ММ2 | Ниво на бучавост [db] | 1 x годишно | MKS ISO 1996-2:2018 | MKS ISO 1996-2:2018 |
| ММ3 | Ниво на бучавост [db] | 1 x годишно | MKS ISO 1996-2:2018 | MKS ISO 1996-2:2018 |
| ММ4 | Ниво на бучавост [db] | 1 x годишно | MKS ISO 1996-2:2018 | MKS ISO 1996-2:2018 |
| ММ5 | Ниво на бучавост [db] | 1 x годишно | MKS ISO 1996-2:2018 | MKS ISO 1996-2:2018 |

| Референтни точки: | Национален координатен систем |
|---|---|
| ММ 1: | N41.583715<br>E21.274265 |
| ММ 2: | N41.583481<br>E21.274093 |
| ММ 3: | N41.583228<br>E21.274298 |
| ММ 4: | N41.583475<br>E21.274558 |
| ММ 5: | N41.583664<br>E21.274698 |

***XII ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ***

Операторите кои поднесуваат барање за интегрирана еколошка дозвола приложуваат предлог-предлог за подобрувањена работата на инсталацијата и заштитата на животната средина.

Со одглед на тоа што дејноста на комплексот Силоси и Мелница преставува производство, складирање и дистрибуција на мелнички производи наменети за човечка исхрана , истиот е со целосно решена инфраструктура, инсталираната опрема која е целосно автоматизирана (компјутерско водење на сите процеси ) и користените енергенси се во согласност со еколошките стандарди програмата за подобрување ги опфаќа само планираните инвестиции за иднина.

1. Имплементација и сертификација на системот за заштита на животната средина
2. Постепена замена на дел од дотраената апаратура, поконкретно замена на транспортни ланци во силос како и замена на дотраени цевки за транспорт на пченицата.

**Предлог за подобрување бр: 1**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Опис** – Воведување на ИСО 14001, поради зголемувањето на поквалитетно работење на компанијата, заштита на животната средина и подобрување на ефикасноста. | | | |
| **2. Предвидена дата за почеток на реализација –** Октомври 2021 | | | |
| **3. Предвидена дата за завршување на реализацијата-** Декември 2022 | | | |
| **4.Вредност на емисии до и за време на реализацијата** – нема очекувани промени од постоечките | | | |
| **5. Вредност на емисиите по реализацијата на активноста –** нема очекувани промени од постоечките. | | | |
| **6.Влијание врз ефикасноста (промена во потрошувачката на енергија вода и суровини) –** очекувано е намалување на потрошувачката на електрична енергија и вода | | | |
| **7.Мониторинг –** согласно ДУОП и мониторин планот | | | |
| **Параметар** | **Медиум** | **Метода** | **Зачестеност** |
| | прашина и вода | гравиметарски | согласно ДУОП и мониторин планот |
| **8.Извештаи од мониторинг –** согласно ДУОП и мониторин планот | | | |
| **9.Вредност на инвестиција –** 10 000 евра | | | |

**Предлог за подобрување бр:2**

| |
|---|
| **1. Опис –** Постепена промена на транспортни ланци во силос и дотраени цевки за транспорт на пченицата. |
| **2. Предвидена дата за почеток на реализација –** Февруари 2021 |
| **3. Предвидена дата за завршување на реализацијата – Февруари** 2023 |
| **4.Вредност на емисии до и за време на реализацијата** – нема очекувани промени од постоечките |
| **5. Вредност на емисиите по реализацијата на активноста –** нема очекувани промени од постоечките. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6.Влијание врз ефикасноста (промена во потрошувачката на енергија вода и суровини) –** нема очекувани промени | | | |
| **7.Мониторинг –** не постои потреба од мониторинг | | | |
| **Параметар** | **Медиум** | **Метода** | **Зачестеност** |
| | | | |
| **8.Извештаи од мониторинг** | | | |
| **9. Вредност на инвестиција –** 25 000 евра | | | |

## *XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ*

Опиши ги постоечките или предложените мерки, вклучувајќи ги процедурите за итни случаи, со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување. Исто така наведете ги превземените мерки за одговор во итни случаи надвор од нормалното работно време, т.е. ноќно време, викенди и празници.

Опишете ги постапките во случај на услови различни од вообичаените вклучувајќи пуштање на опремата во работа, истекувања, дефекти или краткотрајни прекини.

При изградба на сите објекти од комплексот -Силоси и Мелница водено е сметка од обласна на сигурност, заштита и безбедност при работа и заштита на животната средина,при што се применети сите норми и прописи од областа на сигурност на градбите, заштита од пожар, заштита при работа како и максимална заштита на животната средина со комплетна градежно техничка документација и употребна дозвола.

При градење на објектите, во зависност од нивната намена водено е сметка за материјалите при градба, за нивната цврстина, отпорност на топлина итн.

-Сите технолошки процеси како силосот за жито, така и во мелницата се целосно компјутерски водени така да и при најмал проблем операторот и визуелно (на монитор) и звучно (сирена) е известен за проблемот со негова точна локаија. Со тоа се обезбедува заштита на опремата од хаварија како и несакани последици по квалитетот на животната средина.

-24 часовната чуварска како и техничка служба вршат надзор на објектот и инсталациите и овозможуваат брза и навремена интервенција во случај на хаварии и други итни случаи.

Корисникот на услугите при секое собирање и транспортирање на комуналниот отпад од изнајмените специјални садови за времено одлагање на комунален отпад, согласно член 3 од овој Договор, на Давателот на услугите ќе му издаде уредно пополнети Индентификационен и Транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпад ("Сл. весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/04; 102/08; 143/08; 124/10; 51/11; 123/12; 147/13; 163/13; 51/15; 146/15; 156/15; 192/15; 39/16 и 63/16) и другите подзаконски акти кои ја регулираат оваа област.

Давателот на услугите при секое собирање и транспортирање на комуналниот отпад од изнајмените садови, на Корисникот на услугите ќе му издава Потврда, која овластено лице од Корисникот на услугите ја потпишува и примерок од истата задржува за себе.

**Член 6**

Давателот на услугите, на крајот од месецот за извршената услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад, согласно член 4 од овој Договор, на Корисникот на услугите ќе му достави сметка.

Давателот на услугите на крајот од месецот за извршената услуга изнајмување на садови за одлагање на комунален отпад согласно член 2 од овој Договор, на Корисникот на услугите ќе му достави фактура.

Корисникот на услугите е должен уредно да ги плаќа доставените сметки и фактури од Давателот на услугите, до **8-ми** во тековниот за претходниот месец.

**Член 7**

Доколку Советот на Град Скопје, во период на времетраење на Договорот, изврши промена во методологијата на пресметување на цените на комуналните услуги, Давателот на услугите го задржува правото истите да ги примени.

**Член 8**

Измени и дополнувања на овој Договор, може да се вршат со претходна писмена согласност на двете договорни страни, со исклучок на член 7 од овој Договор.

- 2 -

**Член 9**

Корисникот на услугите се обврзува за сите промени настанати во врска со називот, адресата, површината и друго писмено да го извести Давателот на услугите.

**Член 10**

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од **ЗОО**.

**Член 11**

Во случај на евентуални недоразбирања по однос на одредбите од овој Договор, договорните страни ќе настојуваат истите да ги решат спогодбено. Доколку тоа не е возможно, согласни се спорот да го реши надлежниот Основен Суд Скопје – Скопје.

**Член 12**

Договорот стапува во сила со денот на неговото потпишување од договорните страни и ќе трае се додека една од договорните страни писмено не побара негово раскинување, во случаи определени со закон (престанок со работа на корисникот, уривање на објектот, отуѓување на објектот, бришење од ЦРМ на РМ и слично).

Отказниот рок ќе трае **30 (триесет) дена**.

**Член 13**

Со стапување на сила на овој Договор престанува да важи Договорот бр.03 – 3631 од 19.07.2013.

**Член 14**

Овој Договор е направен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја од договорните страни.

| | |
|---|---|
| **ЖИТО ЛУКС АД СКОПЈЕ** | **ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА СКОПЈЕ** |
| **Управител,** | **в.д. Директор,** |
| **Георгиос Василакис** | **Abdusamed Shabani** |

- 3 -

## Прилог бр.14 Договор со СНС РЕ-ПЛАСТ ДОО

ЖИТО ЛУКС АД СКОПЈЕ
Бр. 08-787
03.07. 20 20 год
СКОПЈЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
СНС РЕ-ПЛАСТ ДОО
Бр. 03-5/20
03.07. 2020 год.
СКОПЈЕ

### ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА НА ОТПАДНИ МАТЕРИЈАЛИ

Овој Договор е склучен на _______________ г., помеѓу:

1. **ЖИТО ЛУКС АД Скопје** бул. Македонско Косовска Бригада бр. 44, Скопје, со ЕМБС 4059913, ЕДБ 4030976260199, застапувано од Заменик Генералниот Директор, Николаос Калимерис, во натамошниот текст како Продавач
2. Друштво за производство, трговија и услуги **СНС РЕ-ПЛАСТ ДОО Скопје**, со седиште на бул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, РЖ Економика, Железара, Скопје, со ЕМБС 6408400, ЕДБ 4030008044270, застапувано од Управителот Војо Љотиќ, во натамошниот текст како Купувач
3. **Војо Љотиќ**, бул.. Македонско Косовска Бригада бр. 10/12, Скопје, со ЕМБГ 0205964450022, во натамошниот текс како Гарант

Член 1

Предмет на овој Договор е купопродажба на неопасни отпадни материјали, односно стари расходовани пакувачки материјали од фолија, кои се создаваат од страна на Продавачот.

Член 2

Купувачот изјавува дека ги исполнува сите законски услови и дека ги поседува сите потребни дозволи, лиценци, решенија, одобренија и сл. од надлежни органи и институции за откуп, трговија, складирање и транспорт на отпадот предмет на овој Договор.

Купувачот има обврска до денот на склучувањето на овој Договор да му достави на Продавачот копија од дозволите за вршење на дејност трговија, транспорт, третман и складирање на отпад издадени од овластени органи и институции и потврдува дека истите се сеуште во важност.

Купувачот е должен веднаш писмено да го извести Продавачот за престанокот на важноста или одземањето на дозволите од претходниот став или за постоење на евентуална друга законска пречка за вршење трговија, собирање, транспорт, третман и складирање на отпад.

Купувачот се обврзува собирањето, транспортот, трговијата, третманот и складирањето на отпадот предмет на овој Договор да го врши совесно, стручно, квалитетно, точно, навремено, со должно внимание и грижа, постапувајќи во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива, важечките нормативи и стандарди, како и согласно потребите на Продавачот.

Купувачот изјавува дека располага со соодветно знаење, стручност, опременост со соодветна опрема, возила за транспорт и др., како и соодветен број овластени и стручно оспособени лица за вршење трговија, собирање, транспорт, третман и складирање на отпадот предмет на овој Договор.

Купувачот е должен да се грижи за безбедноста и осигурувањето на неговите вработени или лицата ангажирани од негова страна во врска со вршењето на дејноста на трговија, собирање, транспорт, третман и складирање на отпадот предмет на овој Договор.

Член 3

Договорните страни се согласни купопродажната цена на отпадните материи предмет на овој Договор да изнесува нето 6,00 (шест) денари по килограм.

Член 4

Квалитативен и квантитативен прием на отпадните материи предмет на овој Договор, се врши во магацинот на Продавачот.

При примопредавање на материјалот присуствуваат претставници од двете договорени страни за што потпишуваат Испратница.

Член 5

Превземање на отпадните материи предмет на овој Договор ќе го врши Купувачот со сопствени соодветни возила, работна рака, утовар однесено на сопствен трошок.

Мерењето ќе се врши на вага сопственост на продавачот (во Лисиче Комплекс Силос и Мелница) без надоместок или друга вага која ќе биде посочена од Продавачот, а на сметка на Купувачот.

Член 6

Купувачот е одговорен за безбедното собирање и транспортирање на отпадните материи предмет на овој Договор.

Купувачот е одговорен за отстранување на настанати загадувања или настаната штета на животната средина, како и евентуална настаната штета или повреда на вработените или ангажираните лица од страна на Купувачот, на вработените или имотот на Продавачот или трети лица, настанати при вршењето на собирање и транспортирање на отпадните материи предмет на овој Договор.

Член 7

Фактурирањето на подигнатата количина на отпадни материјали ќе го изврши Продавачот врз основа на потпишана Испратница од страна на договорените страни по договорената цена.

Купувачот е должен фактурираниот износ за превземениот материјал да му го плати на Продавачот во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

Доколку Купувачот не ја измири својата обврска во определениот рок, Продавачот има право да му пресмета законска казнена камата, согласно Законот за облигационите односи.

Член 8

Доколку Купувачот во определениот рок не ги плати обврските, Продавачот има право своето побарување да го реализира од основачот или управителот на фирмата како физичко лице и согласно податоците од решението за извршениот упис во Централниот регистар на РМ како физичко лице, како гарант.

Со склучувањето на овој Договор, лицето Војо Љотиќ, бул.. Македонско Косовска Бригада бр. 10/12, Скопје, со ЕМБГ 0205964450022, Управител на Купувачот Друштво за производство, трговија и услуги СНС РЕ-ПЛАСТ ДОО Скопје, изјавува дека е изречно

согласен доколку Купувачот има неподмирени обврски према Продавачот кои произлегуваат од овој Договор и неговите анекси е согласен обврските да бидат наплатени од сиот негов движен и недвижен имот, како и од сите банкарски сметки отворени на негово име како физичко лице.

Член 9

За реализација на овој Договор, Купувачот Друштво за производство, трговија и услуги СНС РЕ-ПЛАСТ ДОО Скопје гарантира извршување согласно Дозволата за вршење на дејност складирање и третман на отпад од 09-09-2018г., со важност до 09-09-2021 г., издадена од Министерстовот за животна средина и просторно планирање.

Член 10

За времетраењето на овој Договор, Купувачот е должен да ги врши следните работи:

- Во договор со Продавачот да постави соодветни контејнери и кутии кај Продавачот;
- Отпадот од поставените контејнери и кутии, по полнење на истите, да го подигне и превземе, по повик од Продавачот најдоцна во рок од 24 часа од повикот;
- Да обезбеди на свој трошок работници за утовар и припрема на отпадните материјали;
- При работа во кругот на Продавачот да се придржува на куќниот ред и да не го нарушува нормалното функционирање на производството и работењето на Продавачот;
- На свој трошок со соодветни специјални возила да врши трнспорт на отпадните материи предмет на договорот;
- Да води соодветна евиденција за предметниот отпад согласно Законот за управување со отпад;
- На Продавачот 1 (еднаш) месечно да му доставува Извештај за превземени количини на отпад по видови на истиот;
- Да ја плати превземената количина на отпад, согласно одредбите од овој Договор;
- Други обврски согласно Законот за управување со отпадот.

Член 11

За времетраењето на овој Договор, Продавачот е должен да ги врши следните работи:

- Да врши селектирање и складирање на отпадот во контејнери или кутии согласно одредбите од овој Договор;
- Да го класифицира отпадот според Листата за отпад;
- Да го извести Купувачот кога контејнерот, кутијата е полн за празнење, за да се изврши превземање на истиот;
- Отпадните материи ги собира на прикладно место за пристап на договорена локација во Скопје;
- При предавањето на отпадот за транспорт да издаде идентификационен и транспортен формулар за отпадот;
- Други обврски согласно Законот за управување со отпадот.

Член 12

Овој Договор се склучува за време траење од 1 (една) година сметано од денот на неговото склучување.

Овој Договор може да се раскине пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член со взаемна писмена согласност на двете договорни страни.

Во случај на непочитување на обврските или повреда на било која одредба од овој Договор, секоја Договорна страна има право да бара еднострано раскинување на договорот со претходно писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 15 (петнаесет) дена.

Секоја Договорна страна има право еднострано да го раскине овој Договор пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член од било која причина писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 30 (триесет) дена.

Во случај на престанок на важноста или одземањето на дозволата на Купувачот за дозволата наведена во чл. 9, овој Договор престанува да важи со денот на писменото известување доставено од Купувачот до Продавачот или со денот кога Продавачот дознал за престанок на важноста или одземањето на дозволата.

Овој Договор може да се раскине пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член, со писмено известување без отказен рок, доколку Купувачот не го плаќа долгот навремено во договорениот рок.

Член 13

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор може да се врши само врз основа на писмено постигната согласност на договорните страни, изразена преку потпишување на Анекс кон овој Договор.

Член 14

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за управување со отпад, како и другата важечка законска и подзаконска регулатива која ја регулираа оваа материја.

Член 15

Во случај на спор, Договорните страни се согласни истиот да го решат на мирен начи и спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Член 16

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја Договорна страна.

**За ПРОДАВАЧОТ**
**ЖИТО ЛУКС АД СКОПЈЕ**

-----------------------------------

**За КУПУВАЧОТ**
**СНС РЕ-ПЛАСТ ДОО Скопје**

-----------------------------------

**Гарант**

**Прилог бр.15 Договор со УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ**

и услуги УНИТРЕЈД 2012
ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03/20
05.02 2020 год.
СКОПЈЕ

UNITRADE 2012 BUL. BORIS TRAJKOVSKI 73 SKOPJE, R. MACEDONIA 078 284 165 078 306 873 INFO@UNITRADE.COM.MK WWW.UNITRADE.COM.MK

## ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Овој Договор е склучен на ден: 05-02-2020 г.

1 **ЖИТО ЛУКС АД Скопје,** со седиште на бул. Македонско Косовска Бригада бр. 44, Скопје, со ЕМБС 4059913 и ЕДБР 4030976260199, предствувана од Заменик Генералниот Директор, Николаос Клаимерис (во понатамошниот текс) Продавач

2. .,,**УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ Скопје** , со седиште бул.Борис Трајковски бр 73, Скопје , со ЕМБС 6795897 и ЕДБ 4057012517935 предствувана од управителот Игор Тасевски (во понатамошниот текст) Купувач

3. **Игор Тасевски,** ул. Михаил Чаков бр. 9-6/21, Скопје, со ЕМБГ 0309969450136 во натамошниот текст како Гарант

Член 1

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на Договорните страни во врска со купопродажба на отпадна хартија, најлон, пластика и друг вид на неопасен отпад (секундарни суровини) кои произлегуваат од сопственото производство на Продававачот,, што се врши од страна на Купувачот за што има соодветна дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ.

Член 2

Купувачот изјавува дека ги исполнува сите законски услови и дека ги поседува сите потребни дозволи, лиценци, решенија, одобренија и сл. од надлежни органи и институции за откуп, трговија, складирање и транспорт на отпадот предмет на овој Договор.

Купувачот има обврска до денот на склучувањето на овој Договор да му достави на Продавачот копија од дозволите за вршење на дејност трговија, транспорт, третман и складирање на отпад издадени од овластени органи и институции и потврдува дека истите се сеуште во важност.

Купувачот е должен веднаш писмено да го извести Продавачот за престанокот на важноста или одземањето на дозволите од претходниот став или за постоење на евентуална друга законска пречка за вршење трговија, собирање, транспорт, третман и складирање на отпад.

. Купувачот се обврзува собирањето, транспортот, трговијата, третманот и складирањето на отпадот предмет на овој Договор да го врши совесно, стручно, квалитетно, точно, навремено, со должно внимание и грижа, постапувајќи во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива, важечките нормативи и стандарди, како и согласно потребите на Продавачот.

Купувачот изјавува дека располага со соодветно знаење, стручност, опременост со соодветна опрема, возила за транспорт и др., како и соодветен број овластени и стручно оспособени лица за вршење трговија, собирање, транспорт, третман и складирање на отпадот предмет на овој Договор.

Купувачот е должен да се грижи за безбедноста, здравјето и осигурувањето на неговите вработени или лицата ангажирани од негова страна во врска со вршењето на дејноста на трговија, собирање, транспорт, третман и складирање на отпадот предмет на овој Договор.

Член 3

Купувачот е одговорен за безбедното собирање и транспортирање на отпадните материи предмет на овој Договор.

Купувачот е одговорен за отстранување на настанати загадувања или настаната штета на животната средина, како и евентуална настаната штета или повреда на вработените или ангажираните лица од страна на Купувачот, на вработените или имотот на Продавачот или трети лица, настанати при вршењето на собирање и транспортирање на отпадните материи предмет на овој Договор.

Член 4

Квалитативен и квантитативен прием на отпадните материи предмет на овој Договор, се врши во магацинот на Продавачот.

При примопредавање на материјалот присуствуваат претставници од двете договорени страни за што потпишуваат Испратница.

Член 5

Превземање на секундарните суровини, други материјали и средства предмет на овој Договор ќе го врши Купувачот со сопствени соодветни возила, работна рака, утовар однесено на сопствен трошок.

Мерењето ќе се врши на вага сопственост на продавачот (во Лисиче Комплекс Силос и Мелница) без надоместок или друга вага која ќе биде посочена од Продавачот, а на сметка на Купувачот.

Член 6

За реализација на овој Договор, Купувачот УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ Скопје гарантира извршување согласно Дозволата за вршење на дејност складирање и третман на отпад од 19-03-2019 г. со важност до 19-03-2024 г. и Дозволата за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопсен отпад од 22-02-2019 г. со важност до 22-02-2024 г., сите издадени од Министерстовот за животна средина и просторно планирање.

Член 7

За времетраењето на овој Договор, купопродажната цена за откуп на предметниот неопасен отпад изнесува како што следи:

-отпадна хартија 2,2 ден/кг.;

-отпаден најлон бел (проѕирен) 7 ден/кг.

Во случај на промена на купопродажната цена, Продавачот ќе му достави на Купувачот соодветна понуда и доколку постои меѓусебна согласност, Договорните страни ќе склучат соодветен писмен анекс.

Член 8

Фактурирањето на подигнатата количина на секундарните суровини ќе го изврши Продавачот врз основа на потпишана Испратница од страна на договорените страни по договорената цена.

Купувачот е должен да фактурираниот износ за превземениот материјал го плати во рок од 30 (триесет) дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

Во колку Купувачот не ја измири својата обврска во определениот рок, Продавачот има право да му пресмета законска казнена камата, согласно Законот за облигационите односи.

Член 9

Доколку Купувачот во определениот рок не ги плати обврските, Продавачот има право своето побарување да го реализира од основачот или управителот на фирмата како физичко лице и согласно податоците од решението за извршениот упис во Централниот регистар на РМ како физичко лице, како гарант.

Со склучувањето на овој Договор, лицето Игор Тасевски, ул. Михаил Чаков бр. 9-6/21, Скопје, Управител на Купувачот УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ Скопје, изјавува дека е изречно согласен доколку Купувачот има неподмирени обврски према Продавачот кои произлегуваат од овој Договор и неговите анекси е согласен обврските да бидат наплатени од сиот негов движен и недвижен имот, како и од сите банкарски сметки отворени на негово име како физичко лице.

Член 10

За времетраењето на овој Договор, Купувачот е должен да ги врши следните работи:

- Во договор со продавачот да постави соодветни контејнери и кутии кај Продавачот;
- Отпадот од поставените контејнери и кутии, по полнење на истите, да го подигне и превземе, по повик од Продавачот најдоцна во рок од 24 часа од повикот;
- Да обезбеди на свој трошок работници за утовар и припрема на отпадните материјали;
- При работа во кругот на Продавачот да се придржува на куќниот ред и да не го нарушува нормалното функционирање на производството и работењето на Продавачот;
- На свој трошок со соодветни специјални возила да врши трнспорт на отпадните материи предмет на договорот;

- Да води соодветна евиденција за предметниот отпад согласно Законот за управување со отпад;
- На Продавачот 1 (еднаш) месечно да му доставува Извештај за превземени количини на отпад по видови на истиот;
- Да ја плати превземената количина на отпад, согласно одредбите од овој Договор;
- Други обврски согласно Законот за управување со отпадот.

Член 11

За времетраењето на овој Договор, Продавачот е должен да ги врши следните работи:

- Да врши селектирање и складирање на отпадот во контејнери или кутии согласно одредбите од овој Договор;
- Да го класифицира отпадот според Листата за отпад;
- Да го извести Купувачот кога контејнерот, кутијата е полн за празнење, за да се изврши превземање на истиот;
- Отпадните материи ги собира на прикладно место за пристап на договорена локација во Скопје;
- При предавањето на отпадот за транспорт да издаде идентификационен и транспортен формулар за отпадот согласно член 39 од Законот за управување со отпад;
- Други обврски согласно Законот за управување со отпадот.

Член 12

Овој Договор се склучува за време траење од 1 (една) година сметано од денот на неговото склучување.

Овој Договор може да се раскине пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член со взаемна писмена согласност на двете договорни страни.

Во случај на непочитување на обврските или повреда на било која одредба од овој Договор, секоја Договорна страна има право да бара еднострано раскинување на договорот со претходно писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 15 (петнаесет) дена.

Секоја Договорна страна има право еднострано да го раскине овој Договор пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член од било која причина писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 30 (триесет) дена.

Во случај на престанок на важноста или одземањето на дозволите на Купувачот за дозволите наведени во чл. 6, овој Договор престанува да важи со денот на писменото известување доставено од Купувачот до Продавачот или со денот кога Продавачот дознал за престанок на важноста или одземањето на дозволата.

Овој Договор може да се раскине пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член, со писмено известување без отказен рок, доколку Купувачот не го плаќа долгот навремено во договорениот рок.

Член 13

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор може да се врши само врз основа на писмено постигната согласност на договорните страни, изразена преку потпишување на Анекс кон овој Договор.

Член 14

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за управување со отпад, како и другата важечка законска и подзаконска регулатива која ја регулираа оваа материја.

Член 15

Во случај на спор, Договорните страни се согласни истиот да го решат на мирен начи и спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот Граѓански Суд Скопје.

Член 16

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја Договорна strana.

ПРОДАВАЧ
ЖИТО ЛУКС АД Скопје

---------------------------

КУПУВАЧ
„УНИТРЕЈД 2012„ ДООЕЛ Скопје

---------------------------

ГАРАНТ

---------------------------

**Прилог бр.16 Договор со Еко Метал 16 ДООЕЛ**

ЖИТО ЛУКС АД СКОПЈЕ
Бр. 08-1510
26.09 20 19 год.
СКОПЈЕ

ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ
Бр. 21/2019
14.09 2019
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА НА ОТПАДНИ МАТЕРИЈАЛИ

Овој Договор е склучен на 14.09.2019 г., помеѓу:

- **ЖИТО ЛУКС АД Скopje** бул. Makedonsko Kosovska Brigada бр. 44, Skopje, so ЕМБС 4059913, EDB 4030976260199, застапувано од Претседателот на Управниот Одбор и Генерален Директор, Николаос Воудоурис, преку полномошник Катерина Давидовска, член на Управниот Одбор, во натамошниот текст како Продавач
- Друштво за рециклажа и услуги **ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со седиште на ул. Герника бр. 80, Скопје, со ЕМБС 7125968, EDB 4058016524398, застапувано од Управителот Ѓоко Цветановски, во натамошниот текст како Купувач
- **Ѓоко Цветановски**, ул. Иван Хаџиниколов 19 бр. 6, Скопје, со ЕМБГ 1607982450190, во натамошниот текс како Гарант

Член 1

Предмет на овој Договор е купопродажба на неопасни отпадни материјали (секундарни суровини) кои произлегуваат од сопственото производство на Продавачот, како и од стари расходовани средства за работа на Продавачот.

Член 2

Купувачот изјавува дека ги исполнува сите законски услови и дека ги поседува сите потребни дозволи, лиценци, решенија, одобренија и сл. од надлежни органи и институции за откуп, трговија, складирање и транспорт на отпадот предмет на овој Договор.

Купувачот има обврска до денот на склучувањето на овој Договор да му достави на Продавачот копија од дозволите за вршење на дејност трговија, транспорт, третман и складирање на отпад издадени од овластени органи и институции и потврдува дека истите се сеуште во важност.

Купувачот е должен веднаш писмено да го извести Продавачот за престанокот на важноста или одземањето на дозволите од претходниот став или за постоење на евентуална друга законска пречка за вршење трговија, собирање,

1

транспорт, третман и складирање на отпад.

Купувачот се обврзува собирањето, транспортот, трговијата, третманот и складирањето на отпадот предмет на овој Договор да го врши совесно, стручно, квалитетно, точно, навремено, со должно внимание и грижа, постапувајќи во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива, важечките нормативи и стандарди, како и согласно потребите на Продавачот.

Купувачот изјавува дека располага со соодветно знаење, стручност, опременост со соодветна опрема, возила за транспорт и др., како и соодветен број овластени и стручно оспособени лица за вршење трговија, собирање, транспорт, третман и складирање на отпадот предмет на овој Договор.

Купувачот е должен да се грижи за безбедноста и осигурувањето на неговите вработени или лицата ангажирани од негова страна во врска со вршењето на дејноста на трговија, собирање, транспорт, третман и складирање на отпадот предмет на овој Договор.

Член 3

Купопродажната цена на отпадните материи предмет на овој Договор е утврдена во ценовникот-понуда прилог кон договорот.

Во случај на промена на купопродажната цена предизвикана поради промена на просечната Берзанска цена на пазарот на отпадните материи предмет на овој Договор, Продавачот ќе му достави на Купувачот соодветна понуда и доколку постои меѓусебна согласност, Договорните страни ќе склучат соодветен писмен анекс.

Член 4

Квалитативен и квантитативен прием на отпадните материи предмет на овој Договор, се врши во магацинот на Продавачот.

При примопредавање на материјалот присуствуваат претставници од двете договорени страни за што потпишуваат Испратница.

Член 5

Превземање на секундарните суровини, други материјали и средства предмет на овој Договор ќе го врши Купувачот со сопствени соодветни возила, работна рака, утовар однесено на сопствен трошок.

Мерењето ќе се врши на вага сопственост на продавачот (во Лисиче Комплекс Силос и Мелница) без надоместок или друга вага која ќе биде

2

посочена од Продавачот, а на сметка на Купувачот.

Член 6

Купувачот е одговорен за безбедното собирање и транспортирање на отпадните материи предмет на овој Договор.

Купувачот е одговорен за отстранување на настанати загадувања или настаната штета на животната средина, како и евентуална настаната штета или повреда на вработените или ангажираните лица од страна на Купувачот, на вработените или имотот на Продавачот или трети лица, настанати при вршењето на собирање и транспортирање на отпадните материи предмет на овој Договор.

Член 7

Фактурирањето на подигнатата количина на секундарните суровини ќе го изврши Продавачот врз основа на потпишана Испратница од страна на договорените страни по договорената цена.

Купувачот е должен да фактурираниот износ за превземениот материјал го плати во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

Во колку Купувачот не ја измири својата обврска во определениот рок, Продавачот има право да му пресмета законска казнена камата, согласно Законот за облигационите односи.

Член 8

Доколку Купувачот во определениот рок не ги плати обврските, Продавачот има право своето побарување да го реализира од основачот или управителот на фирмата како физичко лице исогласно податоците од решението за извршениот упис во Централниот регистар на РМ како физичко лице, како гарант.

Со склучувањето на овој Договор, лицето Ѓоко Цветановски, ул. Иван Хаџиниколов 19 бр. 6, Скопје, Управител на Купувачот Друштво за рециклажа и услуги ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, изјавува дека е изречно согласен доколку Купувачот има неподмирени обврски према Продавачот кои произлегуваат од овој Договор и неговите анекси е согласен обврските да бидат наплатени од сиот негов движен и недвижен имот, како и од сите банкарски сметки отворени на негово име како физичко лице.

3

Член 9

За реализација на овој Договор, Купувачот ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ увоз-извоз Скопје гарантира извршување согласно Дозволата за вршење на дејност складирање и третман на отпад од 18-11-2016 г., со важност до 18-11-2021 г. и Дозволата за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопсен отпад од 30-11-2017 г., со важност до 30-11-2022 г., сите издадени од Министерстовот за животна средина и просторно планирање.

Член 10

За времетраењето на овој Договор, Купувачот е должен да ги врши следните работи:

- Во договор со Продавачот да постави соодветни контејнери и кутии кај Продавачот;
- Отпадот од поставените контејнери и кутии, по полнење на истите, да го подигне и превземе, по повик од Продавачот најдоцна во рок од 24 часа од повикот;
- Да обезбеди на свој трошок работници за утовар и припрема на отпадните материјали;
- При работа во кругот на Продавачот да се придржува на куќниот ред и да не го нарушува нормалното функционирање на производството и работењето на Продавачот;
- На свој трошок со соодветни специјални возила да врши трнспорт на отпадните материи предмет на договорот;
- Да води соодветна евиденција за предметниот отпад согласно Законот за управување со отпад;
- На Продавачот 1 (еднаш) месечно да му доставува Извештај за превземени количини на отпад по видови на истиот;
- Да ја плати превземената количина на отпад, согласно одредбите од овој Договор;
- Други обврски согласно Законот за управување со отпадот.

Член 11

За времетраењето на овој Договор, Продавачот е должен да ги врши следните работи:

- Да врши селектирање и складирање на отпадот во контејнери или кутии согласно одредбите од овој Договор;
- Да го класифицира отпадот според Листата за отпад;
- Да го извести Купувачот кога контејнерот, кутијата е полн за

празнење, за да се изврши превземање на истиот;

- Отпадните материи ги собира на прикладно место за пристап на договорена локација во Скопје;
- При предавањето на отпадот за транспорт да издаде идентификационен и транспортен формулар за отпадот;
- Други обврски согласно Законот за управување со отпадот.

Член 12

Овој Договор се склучува за време траење од 1 (една) година сметано од денот на неговото склучување.

Овој Договор може да се раскине пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член со взаемна писмена согласност на двете договорни страни.

Во случај на непочитување на обврските или повреда на било која одредба од овој Договор, секоја Договорна страна има право да бара еднострано раскинување на договорот со претходно писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 15 (петнаесет) дена.

Секоја Договорна страна има право еднострано да го раскине овој Договор пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член од било која причина писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 30 (триесет) дена.

Во случај на престанок на важноста или одземањето на дозволите на Купувачот за дозволите наведени во чл. 9, овој Договор престанува да важи со денот на писменото известување доставено од Купувачот до Продавачот или со денот кога Продавачот дознал за престанок на важноста или одземањето на дозволата.

Овој Договор може да се раскине пред истекот на рокот наведен во ст. 1 од овој член, со писмено известување без отказен рок, доколку Купувачот не го плаќа долгот навремено во договорениот рок.

Член 13

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор може да се врши само врз основа на писмено постигната согласност на договорните страни, изразена преку потпишување на Анекс кон овој Договор.

Член 14

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за управување со отпад, како и другата важечка законска и подзаконска регулатива која ја регулираа оваа материја.

Член 15

Во случај на спор, Договорните страни се согласни истиот да го решат на мирен начи и спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Член 16

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја Договорна страна.

**За Продавачот**
**ЖИТО ЛУКС А.Д СКОПЈЕ**
**Скопје**

**За Купувачот**
**ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ увоз-извоз**

**Гарант**

ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ увоз – извоз Скопје Ул. Герника бр.80 нас. Драчево –Скопје
Тел/моб. +389 70 743 776 Маил: ecometal16@yahoo.com

До

Жито Лукс Скопје

Предмет : Понуда за откуп на Отпаден Материјал

Во однос на Вашето барање за Отпадниот Материјал спремни сме да ви ја доставиме следната понуда

1. Отпадно старо железо-11 ден/кгр.
2. Отпаден алуминиум-45 ден/кгр.
3. Отпаден Акумулатор-30 ден/кгр.
4. Отпаден Прохром-40 ден/кгр.
5. Отпадна Хартија-2 ден/кгр.
6. Отпадно уље-Без надомест.
7. Отпадни Палети-1 ден/кгр.

Со надеж дека ќе ја прифатите нашата понуда.

ЕКО МЕТАЛ 16

Скопје , 16.08.2019

Управител

ЕДБ: 4058016524398
Банка депонент : Комерцијална банка АД-Скопје Жиро сметка: 300000003968694

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. ______________
20. 01. 2017 20 ____ год.
СКОПЈЕ

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето бр. **УП1-23/613** од **06.10.2016 година** за добивање на дозвола за вршење на дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад поднесено од **Друштво за рециклажа и услуги ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ, увоз-извоз, Скопје со седиште на улица Герника бр. 80**, 1000 Скопје на ден **18.11.2016 година** издаде

# Д О З В О Л А

## ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ
## СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАД

- Носител на дозволата: **ДРУ ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје**
- Седиште: **улица Герника бр. 80**, 1000 Скопје
- Назив и адреса на подружницата/локацијата/општината

  **КП број 9931/3.КО Драчево 2, Општина Кисела Вода на ул. Герника бр. 80, Скопје**
- Матичен број: **7125968**
- Даночен број: **4058016524398**
- Датум на добивање на дозволата: **18.11.2016 година**
- Важење на дозволата до: **18.11.2021 година**

**М.П.**

**МИНИСТЕР**
**BashkimAmeti**

Изработил: Гоце Ставрев
Контролирал: Тања Пауновска
Одобрил: Тодор Ѓорговски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-23-1546/2017
27.03.2018 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за вршење на дејноста собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад поднесено на ден 13.11.2017 година со арх. бр. Уп1-23/1546 од страна на **Друштво за рециклажа и услуги "Еко Метал 16" ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје** со седиште на ул. Герника бр. 80, Скопје на ден 30.11.2017 година издаде

Д О З В О Л А

ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ
СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГИ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД

- Носител на дозволата — **ДРУ "Еко Метал 16" ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје**
- Седиште — **ул. Герника бр. 80, Скопје**
- Матичен број — 7125968
- Даночен број — 4058016524398
- Евидентен број на дозволата — **854 од 2017 година**
- Датум на издавање на дозволата — **30.11.2017 година**
- Важење на дозволата до — **30.11.2022 година**

М.П

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Сериски број: 010588

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

# ЛИЦЕНЦА
# ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ ВО ВНАТРЕШНИОТ ПАТЕН СООБРАЌАЈ

**ЕКО МЕТАЛ 16**

( назив на превозникот )

**Герника бр.80, Скопје**

( адреса )

**7125968**

( матичен број, односно ЕМБ )

***превоз на стоки за сопствени потреби***

( вид на превозот )

Издадена на: 09.08.2017

Важи до: 09.08.2021

Министер

М.П.

**Прилог бр.17 Договор за отпадно масло**

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 03-1410/20
14. 10 20 20 год.
Скопје

# ДОГОВОР

За деловна соработка

Овој Договор се склучува на ден14.10.2020 г., помеѓу

1. Ауто-Хаус Заковски ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса на ул. Герника, бр.80, Скопје со матичен број 6535801, даночен број 4044009501764), застапувано од лицето Горанчо Заковски –Управител, во понатамошниот текст како Собирач на опасен отпад

   и

2. ЖИТО ЛУКС АД Скопје, со седиште на адреса на бул.Македонско-Косовсака Бригада бр.44, Скопје, со матичен број4059913, даночен број 4030976260199, застапувано од лицето Николаос Калимерис, Заменик Генерален Директор, во понатамошниот текст како Поседувач на опасен отпад.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е на вршење услуга од страна на Собирачот на опасен отпад, за Собирање на опасен отпад, отпадни масла, кој произлегува од дејноста на Поседувачот.

Член 2

Собирачот на опасен отпад изјавува дека ги исполнува сите законски услови и дека ги поседува сите потребни дозволи, лиценци, решенија, одобренија и сл. од надлежни органи и институции за собирање и транспортирање на опасниот отпад предмет на овој Договор.

Собирачот на опасен отпад има обврска до денот на склучувањето на овој Договор да му достави на Поседувачот на опасен отпад копија од дозволите за вршење на дејност собирање и транспортирање на опасен отпад и за складирање и третман на опасен отпад, издадени од овластени органи и институции и потврдува дека истите се сеуште во важност.

Собирачот на опасен отпад е должен веднаш писмено да го извести Поседувачот на опасен отпад за престанокот на важноста или одземањето на дозволите од претходниот став или за постоење на евентуална друга законска пречка за вршење собирање и транспортирање на опасен отпад.

Собирачот на опасен отпад се обврзува собирањето и транспортирањето на опасен отпад предмет на овој Договор да го врши совесно, стручно, квалитетно, точно, навремено, со должно внимание и грижа, постапувајќи во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива, важечките нормативи и стандарди, како и согласно потребите на Поседувачот на опасен отпад.

Собирачот на опасен отпад изјавува дека располага со соодветно знаење, стручност, опременост со соодветна опрема, возила за транспорт и др., како и соодветен број овластени и стручно оспособени лица за вршење на собирањето и транспортирањето на опасен отпад предмет на овој Договор.

Собирачот на опасен отпад е должен да се грижи за безбедноста и осигурувањето на неговите вработени или лицата ангажирани од негова страна во врска со вршењето на дејноста на собирање и транспорт на опасниот отпад предмет на овој Договор.

ОБВРСКИ НА СОБИРАЧОТ И ПОСЕДУВАЧОТ

Член 3

При собирањето на садовите со опасниот отпад Собирачот на опасен отпад е должен да ги замени полните садови со празни кои се сопственост на Собирачот или да го собере опасниот отпад од садовите на начин кој нема да дозволи истекување на истиот. Садовите да бидат соодветно обележани дека во нив се чува опасен отпад, името на Собирачот, број на садот итн.

Собирачот на опасен отпаде е должен при работа во кругот на Поседувачот да се придржува на куќниот ред и да не го нарушува нормалното функционирање на производството и работењето на Поседувачот.

Член 4

Поседувачот е должен да направи Собирно место за опасен отпад и истото да биде на место каде нема пристап на невластени лица.

Поседувачот е дожен опасниот отпад да го собира во садови кои ќе бидат поставени на Собирното место за опасен отпад.

Поседувачот на опасен отпад треба да се грижи за Собирното место, да го контролира Собирното место да не дозволи истекување, вадење на опасен отпад од садовите или друго несовесно постапување.

Член 5

Забрането е мешање на други некомпатибилни течни отпади како што се антифриз, глицерин, киселини итн.

Доколку при направена анализа на отпадните масла се докаже дека во опасниот отпад има и други цврсти отпади, трошоците за анализата, транспортот, складирањето и отстранувањето ги подмирува Поседувачот.

Член 6

Поседувачот на опасен отпад е должен де му обезбеди пристап на Собирачот до садовите со опасен отпад,со цел да изврши увид за состојбата на садовите, отпадот во нив итн.

За секоја извршена контрола на собирното место Собирачот е должен да води соодветна евиденција.

Собирачот на опасен отпад е должен транспортирањето на опасниот отпад да го врши на свој трошок, во соодветни возила и во согласност со Законот за превоз на опасни материи, и истиот да е соодветно спакуван и означен.

Собирачот на опасен отпад е одговорен за безбедното собирање и транспортирање на опасните отпадни материи предмет на овој Договор.

Собирачот на опасен отпад е одговорен за отстранување на настанати загадувања или настаната штета на животната средина, како и евентуална настаната штета или повреда на вработените или ангажираните лица од страна на Собирачот, на вработените или имотот на Поседувачот на опасен отпад или трети лица, настанати при вршењето на собирање и транспортирање на отпадните материи предмет на овој Договор.

Член 7

Поседувачот на опасен отпад не смее опасниот отпад да го предава на неовластени лица кои не се опфатени со овој Договор.

РОКОВИ
Член 8

Поседувачот на опасен отпад треба да го извести Собирачот на опасен отпад кога капацитетот на Собирното место ќе биде исполнет 80% со опасен отпад.

Собирачот на опасен отпад е должен во рок од 3 (три) дена од известувањето, да го собере опасниот отпад од Поседувачот.

За собраната количина на опасен отпад Собирачот му издава потврда на Поседувачот, заверена со печат и потпис од лицето овластено да ракува со опасен отпад и потпис и печат од Поседувачот.

НДОМЕСТОК И РОК НА ПЛАЌАЊЕ
Член 9

Договорните страни се согласни, за вршење на услугите предмет на овој Договор, Поседувачот на опасен отпад е должен да му плати на Собирачот на опасен отпад еднократен годишен паричен надоместок за собирање на опасен отпад на износ од 7.200,00 (седумилјадиидвеста) денари.

Цената е без засметан ДДВ од 5%.

Плаќањето ќе се врши врз основ на издадена фактура, во рок од 60 (шеесет) дена сметано од денот на приемот на фактурата.

Член 10

Собирачот на опасен отпад може во оправдани случаи да побара промена на износот од претходниот член на овој Договор, но за тоа е должен да го извести Поседувачот во рок од 30 (триесет) дена пред воведувањето на измените., за што доколку се согласува и Поседувачот, ќе се склучи соодветен писмен анекс.

СПОРОВИ
Член 11

Сите спорови настанати во врска со спроведувањето на овој договор ќе се решаваат спогодбено, врз основа на добрата деловна практика, доколку тоа е невозможно за спорот решава Основниот Граѓански суд Скопје.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
Член 12

Овој договор се смета за склучен од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Овој договор стапува во сила после самото склучување.

Овој договор е со важност од 1 (една)година и истиот започнува да важи од датумот на склучување.

Член 13

Овој Договор може да се раскине пред истекот на рокот наведен во член 12 од овој Договор, со взаемна писмена согласност на двете договорни страни.

Двете договорни страни можат да го раскинат овој Договор, доколку една од страните не ги почитува одредбите од Договорот, законските норми и итн., односно во случај на непочитување на обврските или повреда на било која одредба од овој Договор, секоја Договорна страна има право да бара еднострано раскинување на договорот со претходно писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 15 (петнаесет) дена.

Секоја Договорна страна има право еднострано да го раскине овој Договор пред истекот на рокот наведен во член 12 од овој Договор, од било која причина со писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 30 (триесет) дена.

Во случај на престанок на важноста или одземањето на дозволите на Собирачот на опасен отпад за дозволите наведени во чл. 2 ст. 2 од овој Договор престанува да важи со денот на писменото известување доставено од Собирачот до Поседувачот или со денот кога Поседувачот на опасен отпад дознал за престанок на важноста или одземањето на дозволата.

Поседувачот има право еднострано предвремено, без отказен рок да го раскине овој Договор доколку не е задоволен од начинот и квалитетот на вршење на предметните работи од страна на Собирачот на опасен отпад и доколку не е задоволен од понудената цена за вршење на предметните работи.

Член 14

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор може да се врши само врз основа на писмено постигната согласност на договорните страни, изразена преку потпишување на Анекс кон овој Договор.

Член 15

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за управување со отпад, како и другата важечка законска и подзаконска регулатива која ја регулираа оваа материја.

Член 16

Овој договор е склучен во 2 (два) еднакви примероци,од кои по 1 (еден) примерок за секоја Договорна страна.

ЖИТО ЛУКС АД Скопје
Поседувач на опасен отпад

АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ
Собирач на опасен отпад

Друштво за трговија и услуги АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

**Прилог бр.18 Договор за сервисирање на возила**

ЖИТО ЛУКС АД СКОПЈЕ
Бр. 08-483
18.03. 2020 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР ЗА ВРШЕЊЕ УСЛУГИ**

**ЗА ДЕЛОВНО ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА**

Овој Договор е склучен на ден 01.01.2020 година, помеѓу:

1. Друштво за автолакерско лимарски услуги **ЏЕРСИ ДООЕЛ увоз-извоз,** со седиште на ул.Борис Трајковски бр.206 Кисела Вода Скопје, со ЕМБС5923603, ЕДБ4030004527977, застапувано од Управителот Дејан Василевски, во натамошниот текст како Вршител на услуга
2. **ЖИТО ЛУКС АД Скопје**, со седиште на бул. Македонско Косовска Бригада бр. 44, Скопје, со ЕМБС 4059913, ЕДБ 4030976260199, застапувано од Заменик Гепорален Директор Николаос Калимерис, во натамошниот текст како Нарачател

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е деловно техничка соработка помеѓу Договорните страни, за вршење на услуги за сервисирање, одржување и поправка од страна на Вршителот на работата на патнички и товарни моторни возила, сопственост на Нарачателот.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

**Член 2**

Вршителот на услугата изјавува дека располага со соодветно знаење, стручност, простор, опременост и доволен број на овластени стручно оспособени и обучени работници за вршење на работите предмет на овој Договор.

Вршителот на услугата изјавува дека ја поседува целокупната потребна документација, лиценци, овластувања, одобренија и сл. за вршење на услугите предмет на овој Договор.

Вршителот на услугата е должен работите предмет на овој Договор да ги извршува совесно, стручно, точно, навремено, со должно внимание и грижа како добар стопанственик, квалитетно и на соодветен начин во согласност со важечката законска и подзаконска реглатива, технички нормативи, критериуми, упатства и пропишани стандарди, како и во согласност со барањето на Нарачателот.

**Член 3**

Заради редовно сервисирање или во случај на дефект на возило, Нарачателот ќе му достави на Вршителот на работата писмен налог за одредено возило за сервисирање или поправка. Писмениот налог задолжително треба да има потпис од одговорното лице за логистика и дистрибуција кај Нарачателот, како и печат на Нарачателот.

Вршителот на услугата е должен на денот на предавањето на возилото кај Нарачателот и потпишувањето на писмениот работен налог, да му достави на Нарачателот соодветна писмена гаранција за извршената работа со важност од минимум 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишувањето работниот налог и предавање на возилото кај Нарачателот.

За време на гарантниот рок, на писмено барање на Нарачателот, Вршителот на услугата е должен најдоцна во рок од 24 (дваесетичетири) часа, а зависно од тежината на дефектот најдоцна за 48 (четириесетиосум) часа по известувањето, на свој трошок да ги одстрани сите маани и недостатоци што ќе се појават во гарантниот рок.

Доколку Вршителот на услугата во рок утврден во предходниот став не ги одстрани маните и недостатоците Договорните страни се согласни Нарачателот да ги одстрани сам или преку друг изведувач на сметка на Вршителот на услугата од овој Договор, при што Вршителот на услугата се согласува веднаш на Нарачателот да му ја надомести целокупната сума за настанатата поправка.

При вршењето на работите предмет на овој Договор, Вршителот на услугата е должен да користи исклучиво оригинални и атестирани резервни делови и материјали.

**ВРЕДНОСТ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 5**

Вредноста на сервисирањето и поправката на возилата ќе се пресметува според видот на услугата и типот на возилото.

Ценовникот по тип на возила претставува прилог и составен дел на овој Договор.

Во случај на промена на цените, доколку постои заемна согласност помеѓу Договорните страни, ќе се склучи соодветен писмен анекс.

**Член 6**

Вршителот на услугата ќе му достави на Нарачателот фактура за извршената работа по завршувањето на работата и по потпишувањето на работниот налог за извршените поправки или сервисирање, од страна на двете Договорни страни

Нарачателот е должен да изврши плаќање за извршената работа од страна на Вршителот на услугата, во рок од 30 (триесет) дена сметано од денот на приемот на фактурата.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 7**

Овој Договор се склучува за определено време сметано од 01.01.2020 г. до 31.12.2020 г.

Овој Договор може да се раскине предвремено спогодбено со заемна согласност на двете Договорни страни.

Во случај на непочитување на обврските или повреда на било која одредба од овој Договор од една од Договорните страни, другата Договорна страна може еднострано да го раскине Договорот со претходно писмено известување за раскинување доставено до другата Договорна страна со отказен рок од 3 (три) дена.

